Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-3159/1
датум 19-12-2024

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА

Министерот за правда со решение бр. 08-2510/1 од 30.09.2024 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ" бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2024 година.

**Комисијата за надзор на ден 30.10.2024** година во **10:30** часот, согласно Планот за надзор бр. 08-1158/3 го започна надзорот во **Основен суд Крива Паланка за контролниот период од 2020 до 2024 година**, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2019 година до 2024 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателот на судот Орце Јанковски и Биљана Стојчевска виш судски соработник.

**Општи податоци и состојба на судот**

Претседателот на судот го започнал мандатот на 20 ноември 2023 година. Започнувајќи од 2023 година кога претходната претседателка на судот Љубица Цветковска Стојановска била пензионирана, во 2024 година се случиле повеќе пензионирања, што ја доведува во прашање работата на судот:

- во февруари 2024 се пензионирал благајник, во март 2024 година водител на прекршочна писарница, во април 2024 судија Анкица Димитровска, во мај 2024 година дактилограф, во август 2024 водител на прием и експедиција на пошта и раководител на служба. На определено време имаат 4 вработени.

По систематизација определени се 6 судиски места, но во моментот во судот има три судии, од кои едниот е делегиран во Основен граѓански суд Скопје од октомври 2024-април 2025 година. Доставиле барање за делегирање на 2 судии, но на седницата на Судски совет било изложено дека имаат 5 судии, иако останале без 3 судии. Од овие причини судот нема судски оддели, а двајца судии постапуваат по


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

сите предмети: Судија Лоза Илиевска и претседател Орце Јанковски, односно од вкупно 6000 предмети– по 3000 предмети од судија.

**Пополнетост на судот и човечки ресурси**

Судиски места: Пополнети се 2 судски места од 6 систематизирани судиски места, само 1/3 од систематизацијата

Судска служба: 16 вработени судски службеници од предвидени 47 по систематизација на неопределено време, 3 на определно време, 4 судски полицајци и 3 хигиеничари (1 на определено и 2 на неопределено).

Од наведените бројки може да се заклучи дека во судот само 1/3 од предвидените човечки ресурси се пополнети, што ја доведува во прашање функционалноста на судот.

**Препораки за овозможување на целосна функционалност на судот**

1. Судскиот совет и Судскиот буџетски совет да извршат соодветни барања до Министерството за финансии да се овозможи вработување на минимален капацитет во судовите (минимална пополнетост од 75% од систематизација) под кои не може судот да опстои за навремено постапување по предметите. Министерството за финансии задолжително да овозможи минимална пополнетост од 75% во судовите, во спротивно одговорноста за ненавремено испорачување на правдата да ја сноси Владата на Република Северна Македонија, пред Собранието на Република Северна Македонија. Доколку судовите се пополнети со минималниот процент од 75% и не успеат да го совладаат приливот на предмети и не овозможат ажурност на судот, претседателот на судот да одговара дисциплински пред Судскиот совет, судскиот администратор пред претседателот на судот, а судските службеници дисциплински пред судскиот администратор.

2. Судскиот совет во своите 5 годишни проекции за слободни судиски места треба да предвиди дека овозможува делегирање на судии, а со тоа одлив од судовите. Судскиот совет задолжително да подготвува петгодишна проекција за судиите и судската администрација во судовите, со цел овозможување на ефикасна организација на работата на судовите. Доколку судскиот совет погрешно ја предвиди проекцијата и доведе до намалување на минималната пополнетост на судиски места, членовите на Судскиот совет дисциплински да одговараат за неодговорно вршење на службената должност.

3. Доколку препораките 1 и 2 не бидат прифатени и спроведени, да се воведат законски измени за да се овозможи организација на судската мрежа која ќе овозможи фер и правично судење согласно европските стандарди, со овозможена специјализација на судиите и стручната судска служба заради донесување на квалитетна судска одлука во разумен рок.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Заклучок:
Двајца судии во Основниот суд Крива Паланка, заедно со ограничен број вработени во судската служба даваат енормен напор да го совладаат приливот на предмети во судот и да одговорат навремено и квалитетно по различен вид на предмети во различни области. Специјализацијата на судиите во овој суд е доведена во прашање, дополнително не може да се овозможи целта на АКМИС, бидејќи сите предмети одат или кај едниот или кај другиот судија, мора да се делегира судија од друг суд за да се овозможи кривичен совет. Оптовареноста на судиите и судските службеници е преголема. Судот со овие капацитети реално не може да одговори на бројот на предмети, особено затоа што судот е близу до државна граница и претставува најблиско место за судење на предмети.
Препорака 4 - Овој суд треба да продолжи да работи како основен суд и да се пополни со соодветен број на судии. Дополнително, да се анализира можноста да има надлежност за судско одделение во Кратово, односно да се разгледа можноста Основен суд Кратово да стане судско одделение. (Кратово има 7.545 жители согласно последниот попис, а Крива Паланка 13,481 жители)
Основниот суд Куманово, како суд со проширена надлежност, опфаќа поголем број на население имајќи предвид дека со пописот од 2021 Општина Куманово е најголема општина со 98 104 жители.
Досега, делегирање на судии има од Основниот суд Куманово во Крива Паланка и Кратово, но по увидот во Основниот суд Куманово и состојбата во судот може да се заклучи дека со тоа се доведува во прашање ажурноста и квалитетот на работата и на Основниот суд Куманово.
Затоа, оптимално е решението Основниот суд Крива Паланка кој се наоѓа на териоторија на граничен премин да биде основен суд со најмалку 6-10 судии и да добие надлежност за судско одделение Кратово (Основниот суд Кратово да се трансформира во судско одделение со два дена за судење).

ЗАБЕЛЕШКА:

Во судот нема лифт, пристап за лица со попреченост се изведува доле на влезот во портирница, нема пристап до салите на 1 кат.

ЗАБЕЛЕШКА:

Претседателот на судот укажа дека Агенцијата за управување со одземен имот не ги презела соодветните мерки за подигање на конфискуван имот од судот.

ПРЕПОРАКА:

Агенцијата да преземе соодветни мерки за спроведување на нејзината законска надлежност.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија

Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

## 1. Програма за работа

Претседателите на судот секоја година редовно донесувале Програма за работа за годините за кои беше извршен увидот (од 2019 до 2024 година). Во програмата за работа составен дел е и годишниот распоред за работа на судиите и вработените во судот. Увид во хартиена форма на СУ бр. 234/23 од 29.12.2023, Су 282/22 од 20.12.2022 година.

## 2. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)

Во судот кога имало повеќе од двајца судии постапувале во кривичен и граѓански оддел. Во моментот на надзорот во судот се само двајца судии и истите постапуваат по сите предмети.

## 3. Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)

Годишниот распоред на судии е определен во програмата за работа.
Су бр. 311/19 од 27.12.2019, Су 264/20 од 29.12.2020, измена Су 264/20 -1 од 09.06.2021, Су бр.286/21 од 28.12.2021 година со 4 измени заради враќање и повторно заминување на делегиран судија од судот во Скопје и заради измена кај судската служба заради заминување на службеници во пензија и организирање на работата на судот. Су бр. 282/22 од 20.12.2022 година, со 1 измена и Су бр.234/23 од 29.12.2023 година со 4 измени од истите причини.

## 4. План за годишен одмор на судиите (115 СД)

План за годишен одмор на судиите Су. 139/23, Су 141/24, Су 163/22, Су 137/21, заедно со решенија за одмор.

## 5. Формирана служба за информатика како посебна организациона единица


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Нема формирано служба за информатика. Во судот вработени се двајца информатичари, од кои едниот судски соработник, а другиот судски советник кој истовремено е и администратор на АКМИС системот.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Нема формирано оддел за судска пракса. Судиите држат седница на судии, но нема задолжено лице за судска пракса.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Формирана е канцеларија за односи со јавноста и назначено е одговорно лице за информации од јавен карактер виш судски соработник Валентина Николовска.

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Судски администратор нема од причина што судот е со основна надлежност, а распределбата на службениците (60 СД) е направена во програмата за работа донесена од претседателот на судот.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2020, 2021, 2022 , 2023 и 2024 год.**

Нов претседател Су.бр.46/2024-1 дневен ред со записник Су. Бр. 46/24-5/1, Су.бр.26/22-2 од 26.12.2022 година и Су бр.282/21 од 20.12.2021 година.

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Записници од одржани седници на судии на месечно ниво има и извршен е увид во записници: Су бр. 82/20 за 2020, од 1 до 12, Су бр.53/21 од 1-7, Су бр.63/22 од 1- 14, Су бр. 59/23 од 1-6.

11. **Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Во овој момент се двајца судии кои секојдневно одржуваат состаноци.

12. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Во овој момент се двајца судии кои секојдневно одржуваат состаноци.

13. **Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Немаат доставено извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет. Претседателот на Основен суд Крива Паланка е избран на 20.11.2023 година и до 01.03.2024 година нема цела година работа на таа функција.

14. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

До Судскиот совет редовно се доставуваат статистички извешти за работата на судот со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети.

15. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Крива Паланка за 2020, 2021, 2022 , 2023 и 2024 година**

Апелациониот суд Скопје редовно секоја година оди во посета на Основниот суд Крива Паланка, освен во периодот на Ковид пандемијата, и доставува извештај до Основниот суд Крива Паланка.
Извештаи: Су 03- 38/24-10 заведен во судот под Су 190/24, Су 185/23 заведен во судот под Су 03-353/22.

16. **Надзор над работата на нотарите.**

Претходниот претседател на судот имал писмена комуникација со барање и известувања за оставинските предмети, еден нотар се пензионирал во март 2022 година, а на почетокот на 2024 година е определен нов нотар. Сите нерешени


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

предмети од пензионираниот нотар се префрлени во работа на другиот нотар и сите новопримени оставински предмети се распределувале кај тој нотар, се до почетокот на 2024 година кога е именуван уште еден нотар за подрачјето на Основен суд Крива Паланка. Се уште има заостанати оставински предмети од претходните години.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

**17. Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Обуките на вработените ги извршуваат информатичарите кога имало измени - надградба на АКМИС. Поранешниот судски администратор држел обуки во делот со уписници, номенклатури, а сега по неговото пензионирање овој дел со обуки го покриваат информатичарите. Немаат доволни обуки од Академијата, а исто така сметаат дека немале доволна обука за користење на опремата за тонско снимање.

**18. Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

Во поглед на информатичката опрема со која располага судот известени сме дека постојат персонални компјутери и истите се во доволен број и се употребуваат од страна на сите вработени во судот. Сите компјутери се со оперативен систем Windows 10. На новиот сервер (Windows SRV 2022) е направена целосна миграција на АКМИС системот.
Располагаат со доволен број на принтери за секој вработен, меѓутоа доколку се случи откажување на некој од нив немаат резерви за нивна замена.
Постои и сервер за скенирање - поточно работна станица која сеуште работи на оперативен систем Windows 7, а тоа е поради софтверот за скенирање.
Скенерот во приемното одделение каде се врши скенирање на документите е дотраен и често има проблеми со скенирање на документите и од таа причина вршат чести замени и набавки на нови скенери.

**19. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Согласно со измената на персонал, се менуваат и корисничките групи во работата на судиите во судот. Извршен беше увид во списоците за контролниот период и констатирано беше дека во судот постојат списоци во АКМИС системот:
СУ 311/19-2 од 27.12.2019, СУ 293/19 од 30.12.2020, СУ 09/21 од 11.01.2021, СУ 1/22-10 од 31.01.2022, СУ 1/23-10 од 15.03.2023, СУ 234/23 од 07.02.2024, 23.04.2024 и 29.08.2024.

## 20. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)

После извршениот увид, констатирано беше дека постојат внатрешни процедури за привилегии во работата со АКМИС системот.

## 21. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)

Извршен е увид како хартиено така и во АКМИС системот. Распоредите се правени периодично на 3 месеци. СУ 69/24 - 11.03.2024, СУ 69/24 - 10.06.2024
Минатите години дежурствата се ротирале на 10 дена, меѓутоа откако се останати само двајца судии дежурствата се на 15 дена. Исто така извршен беше увид и во календарот на дежурства во АКМИС за 2022 и 2023 година. Увидено е дека редовно се внесуваат дежурствата во календарот на дежурства во АКМИС.

## 22. Скенирање на влезни документи

Се врши скенирање на влезни документи, но не се скенираат само заштитените поднесоци со врвка.

## 23. Електронски прием на предмети од страна на судиите

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

## 24. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)

Автоматската распределба ја извршува уписничар на соодветната материја и секој ден се извршува во 14 часот. Информатичарката во судот е задолжена и извршува прераспределба на предмети врз основа на соодветна одлука за прераспределба која воедно е и администратор на АКМИС системот - со одлуки СУ.бр.30/20 од

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

22.01.2020, СУ.бр.264/20 од 29.12.2020, СУ.бр.286/21 од 28.12.2021, СУ бр. 220/23 од 14.12.2023, СУ. бр.282/22 од 20.12.2022 и СУ бр. 220/23 од 14.12.2023 година.

**25. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година (175 став 5 СД)**

Одлуките за прераспределба на судии ги носи Претседател на судот. Со Одлука од Претседателот информатичарката во судот постапува за исклучување на судија од распределба на предмети и врши прераспределба на предметите.
Одлука за прераспределба: СУИЗЗ-5/20 за предмет МАЛВП 53/20 од 23.09.2020

**26. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година**

Направен беше увид во хартиена форма и во АКМИС системот на Решенија за изземање на судија (2020-2024). Констатирано беше дека сите одлуки за изземање на судија се уредно заведени во АКМИС системот.
Одлука за изземање: СУИЗЗ 1/24

**27. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година.**

Нема рачна распределба на предмети.

**28. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Во моментот на надзорот 12:00 часот за автоматска распределба имаше вкупно 3 предмети.
Беше направен увид во списокот на примени предмети од писарница во АКМИС кои чекаат на автоматска распределба. (граѓански, кривичен и отсек прекршочно).

**29. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Предметите кои на денот на надзорот беа избрани по случаен избор беа уредно внесени во АКМИС системот.

- МАЛВП-50/2020 -Поднесен, примен и заведен на ден 02.09.2020 година - Примен од страна на судија на ден 03.09.2020.
- ВПП.107/21- Поднесен, примен и заведен на ден 19.10.2021 година, а прераспределен на ден 29.12.2021 врз основа на Одлука за изземање СУИЗЗ-6/21 и се враќа на автоматска распределба.
- РО-70/22 - Поднесен, примен и заведен на ден 01.09.2022 година, а прераспределен на ден 16.03.2023 и се враќа на автоматска прераспределба со одлука за прераспределба.
- КС-КР 60/23 - Поднесен, примен и заведен на ден 24.07.2023 - Примен од страна на судија на 25.08.2023 заради користење на годишен одмор.
- П2 - 35/24 - Поднесен, примен и заведен на ден 30.08.2024 - Примен од страна на судија на 03.09.2024 година.

## 30. Уписници што се водат во хартиена форма

Уписник СУ се води и во хартиена и во електронска форма.

## 31. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање

Опремата за тонско снимање се користела во судења од предмети во граѓанската материја се до технички проблеми на системот во 2023 година. Снимањето било локално и судењата се снимале на CD-ња. Од страна на информатичарот беше потенцирано дека медиумот на кој се снимаат и чуваат записите не се адекватни за трајно чување.

Системот за тонско снимање после надградбата е во функција но, сеуште не се користи. Со новата опрема била одржана нова обука за тонското снимање, која кратко траела, само половина час и две обуки (кај дактилографите). Дел од дактилографите (4) се уште не се чувствуваат спремни да одговорат на новите предизвици имајќи го предвид бројот на предмети и судења.

Новата опремата е инсталирана во две судници и се состои од нови персонални компјутери, миксери, додека микрофоните се заменети од сопствени средства на судот.

## 32. Електронска достава се врши до адвокати.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Во 2020 се извршени 102 електронски достави, 2021- 63 електронски достави, 2022-109 електронски достави, 2023- 122 електронски достави и од 01.01.2024 до 30.10 2024-30 електронски достави.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**33. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година (член 16 СД)**

Постојат одлуки за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за контролираниот период од 2020 до 2024 година СУ. 9/2021 од 11.01.2021, СУ. 1/22 од 03.01.2022, СУ. 1/23 од 03.01.2023. Под истите СУ броеви се заведени Годишниот план за управување со движење на предмети и Внатрешните процедури.

**34. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година по предлог на работното тело**

Исто како во точка 33 под истите СУ се заведени годишните планови.

**35. Внатрешни процедури**

Исто како во точка 33 под истите СУ броеви се заведени внатрешните процедури.

**36. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Извештаи: СУ. 75/20-4 од 09.06.2020, СУ. 34/21 -1 од 08.02.2021, СУ. 40/22-8 од 07.09.2022, СУ. 42/23-1 од 09.02.2023 и СУ. 43/24-8 од 13.09.2024


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

37. **Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Годишниот извештај бил презентиран на веб страницата на судот и на локална телевизија

38. **Огласна табла на судот**

Има огласна табла на влез во судот.
Видео дисплеите не се во функција бидејќи апликацијата за приказ и креирање на распореди за судење во судот, не работи на Windows 10 и Windows 11.

39. **Простории за судии поротници и за адвокати** има определено
40. **Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2020,2021,2022, 2023 и 2024 година.**

Редовно се објавуваат на веб страната на судот.
После извршената анонимизација на одлуките и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.

41. **Архива**

Активната и пасивната архива во судот се одлично уредени, во чисти и соодветни простории, по области, прегледност на предметите по години, редовно се врши излачување на архивата. Постои потреба од расходување на стар подвижен имот доделен на судот, за што треба да се спроведе постапка согласно Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

**Увидот заврши на ден 30.10.2024 во 12:10 часот.**